Република Северна Македонија
Министерство за економија

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Ekonomisë

Сектор за енергетика
Departamenti për energjetikë

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 24 -10- 2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 44- | 7009/3 | | |

Архивски број:
Скопје, 12-4529/2 2019 година
21 -10- 2019

До: **Здружение на граѓани Нов Мост-Прилеп**
Ул. Круме Вулнароски бр.179/Прилеп

Предмет: Мислење по Иницијатива

Почитувани,

Во врска со иницијативата "Создавање услови за изградба на фотоволтаични електрани за микро инвеститори" доставена од Здружение на граѓани Нов Мост-Прилеп, Министерството за економија од аспект на своите надлежности инфрмира за следното:

Една од главните цели на енергетската политика на Република Северна Македонија е привлекување на инвестиции за изградба на енергетски објекти и подобрување на зголемување на искористувањето на обновливите извори на енергија, односно инвестирање во зелена енергија која ќе придонесе во заштита на животната средина и ублажување на климатските промени.

Министерството за економија како надлежно министерство за политиките во делот на енергетиката поддржува активности за промоција на обновливите извори на енергија и поттикнување на енергетската ефикасност, со цел реализација на зацртаните цели за учеството на обновливите извори на енергија утврдени во стратешките документи во насока на постигнување на национална цел за заштеда на енергија.

Заради постигнување на целите за обновлива енергија, особено имајќи предвид дека енергетскиот пазар самостојно не може да ги обезбеди потребните инвестиции за да се исполнат овие цели и токму поради тоа потребна е интервенција од страна на државата, се воведени мерки за поддршка.

Во таа насока, а согласно законската и подзаконската регулатива од областа на енергетиката, Владата на Република Северна Македонија на 5 февруари 2019 година донесе Програма за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија", бр. 29/19).

Согласно Програмата, Министерството за економија во месец јуни објави Јавен оглас за доделување на договор за право на користење на премија за електрична енергија произведена од фотонапонски електроцентрали изградени на земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, врз основа на кој вкупната инсталирана моќност на фотонапонските централи за коишто ќе се доделува премија изнесува 35 MW. Јавното отворање на понудите се одржа на 30.08.2019 година и во тек е постапка за евалуација на понудите.

Исто така, Министерството за економија во месец јули објави и Јавен оглас за доделување на договор за право на користење на премија за електрична енергија произведена од фотонапонски електроцентрали изградени на земјиште кое не е во сопственост на Република Северна Македонија или на земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на кое е воспоставено право на користење и овде вкупната инсталирана моќност на фотонапонските централи за коишто ќе се доделува премија изнесува 27 MW. Јавниот оглас е


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин " бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Jurij Gagarin" nr.15 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3093 471
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2015
CERTIFICATE
Q 1113

објавен на веб страната на Министерството за економија – www.economy.gov.mk.
Согласно Јавниот оглас, производителот може да се стекне со статус на повластен производител кој користи премија, доколку инсталираната моќност на електроцентралата не надминува 30 MW за фотонапонска електроцентрала. Повластениот производител може да користи премија само доколку биде избран на тендерска постапка со аукција за доделување на право за користење на премии. Премијата се доделува на повластен производител како дополнителен фиксен износ на цената која ја остварил со продажбата на секој произведен kWh на пазарот на електрична енергија на големо. Во однос на земјиштето, нема ограничување за локацијата на која би се градела фотонапонската електроцентрала, а во зависност од површината на земјиштето, можат да се поднесат понуди за изградба на фотонапонски електроцентрали за инсталирана моќност од 0 – 200 kW, со што се стимулира изградбата на микро-фотоволтаични електроцентрали. Деталите за сите услови се дадени во тендерската документација.
Секој заинтересиран економски оператор може да подигне тендерска документација на начинот опишан во Јавниот оглас, истата не се наплака и рокот за поднесување на понуди е до 16.10.2019 година.

Со почит,

Kreshnik Bekteshi
МИНИСТЕР
MINISTËR

Изработил/Përpiloi:Магдалена Даскалова
Контролирал/Kontrolloi: м-р Валентина Старделова
Одобрил/ Aprovoi: м-р Исмаил Лума, mr. Ismail Luma
Согласен/Miratoi: Зоран Павловски

Доставено и до: Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија – Одделение за соработка со невладини организзации


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин " бр. 15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Jurij Gagarin" nr.15 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3093 471
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2015
CERTIFICATE
Q 1113